Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневни настани 16.05.2024

На 15.05.2024 во 20.45 часот на место викано „Клучка Орман", полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(20) од с.Голема Речица, тетовско, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.05.2024 во ОВР Прилеп, М.Н.(56) од с.Канатларци пријавил дека во дворното место во с.Канатларци пронашол три неексплодирани експлозивни направи. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Битола безбедно ги подигнал, при што било констатирано дека станува збор за една артилериска граната од 105 мм, една минофарлачка граната од 75мм и една рачна бомба кои потекнувале од Првата светска војна.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 125 мерки, меѓу кои 16 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, четири мерки за користење на мобилен телефон при возење, три санкции за некористење на сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (15.05.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 98 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 33 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 65 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (15.05.2024), во периодот од 12.00 до 19.00 часот, спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 67 возачи. Од нив, 41 возач не користел заштитна кацига за време на возење, 17 воделе без возачка дозвола... За време на контролата санкционирани се и 147 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 15.05.2024 во 06.25 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат Куманово-с.Макреш, атар на с.Макреш, општина Старо Нагоричане, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат кордоба", управувано од Ј.С.(45) од Куманово и патничко возило „рено меган", управувано од А.С.(36) од с.Канарево, кумановско, двете со кумановски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ј.С., додека неговиот сопатник С.А. и другиот возач А.С. се здобиле се телесни повреди, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 15.05.2024 во 22.50 часот, полициски службеници Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ затекнале 11 лица државјани на Непал при обид за илегално преминување на државната граница од Република Северна Македонија во Република Грција. Лицата се приведени во Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор Богородица, известен е дежурен судија од Основен суд Гевгелија и по негови насоки ним им се дадени решенија за напуштање на територијата на државата.

На 15.05.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Карпош, С.С.(59) од с.Кучевиште, скопско, пријавила дека на ул.„Иван Цанкар" во Скопје била касната од куче скитник,

На 15.05.2024 во 20.30 часот во Полициската станица Чаир, Д.Г.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Петар Манјуков" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 15.05.2024, полициски службеници од Полициската станица Штип го приведе П.И. (29) од с.Црвулево, општина Карбинци. Тој бил баран по централна потерница, врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Куманово, поради бегство од затворот, каде издржувал казна од четири години и девет месеци за сторени кривични дела „тешка кражба".
Лицето е спроведено до Затвор Куманово за доиздржување на две години и пет месеци од казната.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.С.(70) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 22.04.2024, при сообраќајна контрола на патот Ресен-Охрид, кај селото Лескоец, полициските службеници го затекнале пријавениот при вршење јавен такси превоз на патници без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз во внатрешниот сообраќај, издадена од надлежен државен орган.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.А.(37) од Скопје, А.В.(33) и И.С.(37), двајцата од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторени повеќе кривични дела „измама". Тие, во текот на јануари и февруари оваа година, се јавувале на мобилни телефони на повеќе граѓани од Охрид и Струга, претставувајќи се лажно како вработени во градежни фирми и им нуделе градежни материјали по поевтини цени. На тој начин, пријавените се стекнале со противправна имотна корист од 281.600 денари.

Во рамките на континуираните активности што ги презема СВР Тетово за поголем ред и безбедноста на сообраќајот, вчера (15.05.2024) во периодот од 12.00 до 19.00 часот спроведена е акциска контрола за прекршоците што ги прават возачите на мотоцикли. При контролата биле откриени и санкционирани 9 прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-8), од кои најголемиот дел биле за некористење на заштитен шлем-кацига, 9 (ТЕ-1 и ГВ-8). Против возачите биле поднесени соодветни поднесоци, а при контролата биле констатирани и санкционирани и 9 (ТЕ-2 и ГВ-7) останати сообраќајни прекршоци.

На 15.05.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 16 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 7 во населено место. Санкционирани биле и 36 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола и 13 за непропишано паркирање.

Вчера (15.05.2024) од 08.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената, при што биле откриени и санкционирани вкупно 9 возачи. Од нив 6 пречекорувања се регистрирани надвор од населено место (ГВ-6), а 3 (ТЕ) пречекорувања на пропишаната брзина во населено место. Санкционирани се и 32 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-20). На возачите прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци.

На 15.05.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје, Е.С.О.(24) од Република Турција, со привремен престој во Скопје, пријавил дека на 14.05.2024 околу 18.10 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.05.2024 во 22.45 часот во СВР Скопје, С.Ј. од Скопје пријавила дека околу 21.15 часот на подрачјето на Гази Баба, нејзиниот малолетен внук бил физички нападнат од три лица, кои претходно му побарале пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.05.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Велес, Н.В.(43) од Велес пријавила дека на улица „Наце Димов" во Велес била касната од куче скитник.

Денеска (16.05.2024) во 09.25 часот во СВР Скопје од Итната медицинска помош е пријавено дека во Основен граѓански суд, во ходникот на први кат, има починато лице. Од страна полициски службеници е излезено на местото и е констатирано дека станува збор за Љ.С.(75) од Скопје. Лекар констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото е дадено за обдукција. Увид извршен.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против тројца малолетници од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 01.04.2024 во основно училиште во Тетово, пријавените фрлиле во височина друг малолетник, кој при падот се здобил со тешки телесни повреди.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Ч.(50) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 06.05.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени полуавтоматски пиштоли „Застава М – 70", „Валтер М– П – 38" и „Сторм", како и 139 парчиња муниција.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.К.(24) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „телесна повреда" во врска со семејно насилство и „загрозување на сигурноста". На 21.03.2024, по претходна расправија, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга и ѝ нанел телесни повреди.

На 15.05.2024 во 11.10 часот, Б.Ц.(19) од Кичево во полициска станица пријавил дека на кејот на реката Сушица во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.С.(47) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Во текот на јануари 2024, пријавениот во својство на курир на приватна фирма, присвоил парични средства во износ од 50.887 денари.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Т.(46) од Битола, управител и сопственик на приватна фирма од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Во периодот од 2020 и 2021 година, пријавениот узурпирал државно земјоделско земјиште на место викано ,,Кафтаница", на тој начин што го заградил со намера да го има во владение.

На 15.05.2024 во 18.30 часот во Полициската станица Велес, Ѓ.М.(41) од Велес пријавила дека на улица „Браќа Поп Јорданови" во Велес била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.Б.(61) и Б.Б.(65), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 04.04.2024 во Кочани, при приведување на второпријавениот, поради претходно нарушен јавен ред и мир, двајцата пријавени физички нападнале полициски службеници кои вршеле службени дејствија.